# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНАЛИЗА И СЕЛЕКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**во рамки на проектот**

## “ТУРИЗАМ КОЈ ПРИДОНЕСУВА ЗА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН БУГАРИЈА – МАКЕДОНИЈА”

## Ref: CB006.2.23.044

CULTURE HERITAGE FRIENDLY TOURISM

**Interreg – IPA CBC Bulgaria – the former Yugoslav Republic of Macedonia Programme 2014 – 2020 with CCI Number 2014TC16I5CB006**

*This project is co-financed by European Union through the Interreg - IPA CBC Programme Bulgaria - The former Yugoslav Republic of Macedonia*

European Union

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

**“A CULTURE HERITAGE-FRIENDLY TOURISM IN CROSS-BORDER REGION BULGARIA – MACEDONIA”**

**Ref: CB006.2.23.044**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНАЛИЗА И СЕЛЕКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО СЕВЕРОИСТОЧЕН РЕГИОН НА Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Извештајот изработен од:**

**Дејан Ѓорѓиевски, експерт за културно наследство**

**Договорен орган:**

**Фондација за развој на мали и средни претпријатија Куманово**

European Union

**Март, 2020 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

ВОВЕД.....3

Идентификација на објекти

1. ЦРКВА СВ. ЃОРЃИ – СТАРО НАГОРИЧАНЕ.....5

2. АРХЕОАСТРОНОМСКА ОПСЕРВАТОРИЈА КОКИНО.....13

3. НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО .....24

4. ГОЛЕМО ГРАДИШТЕ – КОЊУХ.....28

5. ЦРКВА „СВ. НИКОЛА“ КУМАНОВО.....31

6. ТАТАР СИНАН БЕГОВА ЏАМИЈА –КУМАНОВО.....33

7. БИСЛИМСКА КЛИСУРА .....35

8. СПОМЕН КОСТУРНИЦА .....39

9. МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР АСНОМ ВО ПЕЛИНЦЕ.....39

10. КУКЛИЦИ – КРАТОВО.....41

11. ГРАД КРАТОВО.....42

12. МАНАСТИР СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ – КРИВА ПАЛАНКА .....45

13. ГРАДЕЦ – ИСПОСНИЦА НА СВ. ЈОАКИМ .....46

14. КОСТОПЕРСКА КАРПА – МЛАДО НАГОРИЧАНЕ .....47

15. ЦРКВИШТЕ – КЛЕЧОВЦЕ .....49

16. ГРАДИШТЕ – МАКРЕШ .....50

17. ГРАДИШТЕ – ПЕЛИНЦЕ .....52

18. МАНАСТИР МАТЕЈЧЕ .....52

19. СЛУПЧАНСКО КАЛЕ, СЛУПЧАНЕ.....54

20. МАРКОВА КУЌА, ОПИЛА .....54

ЗАКЛУЧОК .....55

**ВОВЕД**

При изработка на овој извештај во предвид беа земени потребите за промоција на културното наследство од североисточниот плански регион. Извештајот ќе послужи за реализација на еден концепт за продукција на виртуелна тура на 5 културни објекти кои се дел од културното наследство во регионот и продукција на два ТВ видео клипа за промоција на културното наследство во прекуграничниот регион на Р. Бугарија и Р. Северна Македонија.
Станува збор за голема територија, со неколку веќе разработени туристички локации и голем број на места на кои им е потребна промоција и можат да понудат многу во поглед на афирмација на регионот.

За таа цел, првин се работеше на прибирање податоци за евентуалните локации кои треба да бидат обработени за оваа цел. Беа користени државните стратешки планови – Националната стратегија за развој на туризмот и Националната стратегија за култура, како и анализа и истражување за микролокациите – план за развој на Североисточниот плански регион.
Потребата од изработка на овој извештај подразбираше лична посета на местата кои се обработени и анализирани во извештајот и нивно документирање. Овој начин на работа се покажа како исклучително корисен, затоа што голем број на информации кои можат да се најдат на интернет се застарени или неточни, односно кај дел од нив имало инвестиции или оштетувања, кои ја менуваат нивната потенцијалност да бидат вклучени во проектот.

Вршени се дополнителни анализи за поголемиот дел од нив, со цел да се види одржливоста на локациите при евентуално нивно афирмирање во делот на културното наследство како релевантни туристички места за посета.

Сопственото тринаесетгодишно искуство во културното наследство беше особено корисно при идентификувањето на потенцијалните локации. Издвојувањето и анализирањето на ралитетните особености во светски рамки на дел од нив е клучно при нивното туристичко промовирање. Во акцентирањето на ралитетните особености, покрај користењето на етаблираните научни факти, во голема мера беа користени сопствените теренски и научно-истражувачки искуства кои повеќе од една деценија ги изведувам преку државните институции за заштита на културното наследство.

Во оформувањето на изгледот на извештајот бев во директна комуникација со бугарскиот експерт за културно наследство, со цел унифицирано да се претставаат потенцијалите од двата прекугранични региони. За времетраење на целокупната работа, анализата е вршена преку постојана координација со договорниот орган – Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија Куманово.

За изготвување на овој извештај е опфатен целиот североисточен плански регион, односно шестте општини: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Старо Нагоричане, Липково и Ранковце. Како што наведовме погоре, во дел од нив постојат веќе разработени туристички дестинации, кои досега не биле промовирани на овој начин, но и големи туристички потенцијали кои скоро и да не се третирани. Од нив се анализирани оние за кои мислиме дека би биле најинтересни за посета на разни групи на туристи, со акцент на културнито наследство и развој на културниот туризам.

Анализирани се дваесет локации, при што е направена и нивна градација според претходната анализа на нивното културно историско значење. Издвоените локации претставуваа туристички места кои се археолошки локалитети, верски споменици или природни и културни предели, односно опфатени се повеќе типови на културно историски места за посета.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО СИПР

### 1. ЦРКВА СВЕТИ ЃОРЃИ ВО СТАРО НАГОРИЧИНО (Општина Старо Нагоричане)

(прва фаза – 11 век?, втора фаза – 1313-1317/18 г.)

Црквата Св. Ѓорѓи се наоѓа во централниот дел на селото Старо Нагоричане, општина Старо Нагоричане. Претставува еден од најпознатите средновековни сакрални споменици и ремек-дело на развиената византиска уметност.

Историја и традиција:

Црквата има две видливи фази на градење. Постарата фаза се поврзува со легендата за пророкот Прохор Пчињски и според традицијата се датира во XI век. Иако во најстарите житија на овој светител такво нешто не постои, во подоцнежните преписи, во духот на византиската книжевност, направена е конекција помеѓу него и византискиот император Роман IV Диоген (1068-1071). Според таа легенда, во една пештера која и денес е сочувана и се наоѓа во непосредна близина на црквата, живеел пустиножителот Прохор. Областите на денешното село Ст. Нагоричане, па се до Софија, биле управувани од воениот намесник Роман Диоген. Во тоа време, пределот изобилувал со густа шума (оттука и Нагоричино, од „гора, шума“) која војсководецот Диоген ја користел за лов. Во еден таков лов, гонетата срна се сокрила во пештерата на пустиножителот кој ја заштитил. Кога Диоген ја побарал, пророкот му рекол дека не доликува на еден император да лови срна. Бидејќи немало никакви изгледи Диоген навистина да стане император затоа што не потекнувал од царско семејство, тој ги занемарил овие зборови на пророкот. Но, историските извори зборуваат дека тој бил многу убав и силен маж, па во него се вљубила царевата ќерка. Така, иако краткотрајно, тој сепак станал император. Според легендата, тој се вратил, и поради пророштвото на Прохор, ја изградил првата црква во непосредна близина на пештерата.

Прва фаза:

И денес јасно се видливи остатоците од првобитната црква, според традицијата датирана во XI век. Таа е сочувана до висина на прозорците, градена од крупен камен, карактеристичен за ерменската архитектура. Имале базиликален изглед, со една апсида од источната страна. Веројатно имала и отворени тремови по целата нејзина должина од двете страни, кои биле сочувани и во обновата. Од постарото сликарство е сочуван само еден мал фрагмент на цоклето на северниот ѕид на наосот, без можност за реконструкција на сцената. Од друга страна, отсуството на проскомидијална апсида или ниша сугерира можно порано датирање, односно градење пред целосно да се вообличи византиската литургија, некаде околу IX век.

Од конзерваторските истражувања познато е дека под црквата постои постар, веројатно римски објект, како и систем од канали и можна бања во непосредна близина на црквата.

Не знаеме со сигурност што се случило во следните векови, но како и да е, веќе на почетокот на XIV в. црквата била тешко оштетена. Во тој период, овие области, па се до Солун, била освоени од српскиот крал Милутин. Со желба да се постигне примирје, византискиот император Андроник Палелолог се согласил на „политички брак“ со Србија, давајќи ја својата малолетна ќерка Симонида да стане српска кралица. Кралот Милутин пак, бил обврзан да учествува со свој одред во битките против Турците во Мала Азија. Издвојувајќи победа во една таква битка, Милутин дал завет дека ќе се оддолжи на небесните сили и воинот-светител Ѓорѓи така што ќе ја обнови нагоричката црква и ќе му ја посвети. Тоа и го сторил во 1313 г, као што е и запишано на каменот над западниот влез во црквата.

Втора фаза:

а) Архитектура:

Милутин ја изградил, односно обновил нагоричката црква трудејќи се да го сочува нејзиниот првобитен изглед. Така, врз веќе постоечката основа која била сочувана во висина од 3-4 метри, тој изградил петокуполна црква. При тоа, јасно се забележува границата меѓу старата и новата црква, главно преку материјалот употребен за градење. Големите камени блокови од старата црква се следат до висина на прозорците, каде што започнува новиот начин на градење со големо количество тули и керамопластична декорација, карактеристично за XIV век. Фактот што оваа црква никогаш не била срушена, а е изградена со пет куполи (кои според статиката секогаш се нестабилни) врз постоечка основа од базиликална градба, зборува за тоа дека најмоќниот владетел на Балканот во тоа време-кралот Милутин, ги ангажирал најдобрите архитекти во регионот за да ја реизградат црквата.

Одвнатре, таа е поделена на ист начин како што била првобитно. Се состои од три дела – припрата (нартекс), наос и олтар. Олтарот пак, е одделен од наосот со оригинална олтарна преграда од првобитната црква (една од најстарите сочувани во светот), на која се насликани две фреско икони – на патронот и на Богородица. Олтарниот простор е поделен на централен олтарен простор, проскомидија од северната страна која комуницира со наосот и ѓаконикон од јужната страна, во кој се влегува само преку олтарот. Гледано како целина, црквата има форма на впишан крст во правоаголник. Во нартексот е сочувана и мала тераса на западниот ѕид, кон која се стигало преку кружно скалило вградено во самиот ѕид, и отвор кој во XIV век бил затворен. Не се знае точно која била улогата на оваа галерија.

б) Сликарство

Фреските кои се насликани на ѕидовите на црквата го покажуваат врвот на византиското сликарство од XIV век и не случајно се вбројуваат во ремек делата на средновековната уметност. Сликарската тематика ја следи функционалната поделеност на црквата и нејзината симболика.

Во наосот (централниот дел) од црквата се наоѓа и главната купола, која го симболизира небото. Оваа купола архитетконски го следи изгледот на т.н. македонски – солунски тип на купола, со поле – тимпанон над прозорецот од надворешната страна. Како и во секоја друга црква, во темето на куполата е насликан Исус Христос – Пантократор, со особено интересно решение кое го сугерира присуството на Светото Тројство – неговата лева рака, односно дланка која е положена врз евенгелието е поделена на три дела. Околу него, за прв пат во византиската уметност, се насликани ангели кои вршат служба – Небесна литургија околу Христос, а во централниот дел на прстенот е насликана и Хетимасијата – приготвениот престол. Во тамбурот на куполата, меѓу прозорците, се насликани старозаветните пророци, со своите отворени свитоци. Тие се привилегирани и насликани блиску до Христос, затоа што го најавиле неговото доаѓање пред да биде роден на земјата.

Конекцијата меѓу небесниот свод – куполата и земната црква – наосот ја даваат четирите пандантифи (сферични триаголници) на кои лежи црквата. Токму затоа, на нив се насликани четирите евангелисти – Марко, Матеј, Лука и Јован, како писатели кои го опишале Христовиот живот.

Во највисоките зони на наосот се насликани Големите празници – дванаесетте најзначајни настани од Христовиот живот. Поради атмосферските влијанија на кровот, тие се и најмногу оштетени и тешко распознатливи.

Бидејќи станува збор за големи ѕидни површини, во наосот се претставени и сцени, односно циклуси кои не мора да ги има во помалите цркви – станува збор за циклусот на Христовите дела, чуда и параболи и циклусот на Христовите поствоскресни јавувања. Во третата зона на црквата, броејќи од подот, е претставен еден од најекстензивните цикуси на Христовите страдања. Тој започнува уште на јужниот олтарски ѕид, со претставување на Тајната вечера и продолжува циклично по јужниот, западниот и северниот ѕид на наосот. Особено уникатни се претставите на Јуда како ги зема сребрениците од фарисеите, Јудиното предавство, судењата на Христос пред Ана, Кајафа и Понтиј Пилат, Раскајанието Петрово и најпознатата од нив – Исмевањето на Христос. Зографите кои ја насликале оваа сцена во црквата го направиле тоа мошне уникатно –тие целосно се одалечиле од описот во Евангелието. Имено, наместо римските војници кои го мачат и исмеваат Исус, тука се насликани обични луѓе во современа, народна облека и народни инструменти.

Тие свират и играат заедно со деца облечени како цареви поданици, во кошули со долги ракави. Истражувачите се согласни дека сцената претставува илустрација – жанр сцена од средновековен панаѓур, и дека некои личности ги претставуваат скомрахите – средновековните актери кон кои црквата имала негативен став. Циклусот завршува со Распетието, во кое, покрај Исус, се насликани двата разбојници - Гестас и Димас.

Под оваа сцена е сцената на патронот на црквата – Св. Ѓорѓи. Повторно, се работи за еден од најстарите и најопширните циклуси на овој светител во византиската уметност. Сцените од неговиот живот не се поделени хронолошки, туку тематски – на јужниот ѕид се Мачењата на св. Ѓорѓи, а на северниот се неговите чуда и неговото убитство. Меѓу нив, секако најпозната е сцената Св. Ѓорѓи ја убива ламјата. Односно, тука таа е претставена автентично според житието, каде што е опишано дека тој ја припитомил ламјата со моќта на крстот, па затоа е насликан светителот на коњ, принцезата Александра и кротката ламја како влегуваат во градските ѕидини.

Во првата зона се насликани светите војници, меѓу кои и некои кои ретко се сликаат – како св. Сава Стратилат или св. Александар од Солун. Покрај св. Димитриј е напишан епитетот Апокавк, што сугерира за солунско потекло на сликарите.

Олтарниот простор, како што рековме, е поделен на три дела. Во централниот дел, во конхата на апсидата, се наоѓа претставата на Богородица на престол со малиот Христос. Под фризот со архиереи, насликана е сцената Причестување на апостолите, со двете претстави на Исус и две групи на апостоли, кои се причестуваат со вино и леб. Најдолу е Службата на светите архиереи, кои држат отворени свитоци и ја вршат светата литургија на Христос Агнец, кој не е претставен тука.

Во проскомидијата е насликан Апокрифниот живот на Богородица со најзначајните настани од нејзинитиот живот, додека најдолу е претставата на Агнецот.

Ѓакониконот има улога на засебна капела, во која е насликан животот на св. Никола, еден од најпочитуваните светители во регионот. Во ѓакониконот се влегува само преку олтарот, односно нема комуникација директно со наосот.

Олтарната преграда која потекнува од првобитната црква и е една од неколкуте сочувани во светот имала отвори за две икони кои биле затворени во времето на Милутин и насликани со две фрески кои имале улога на икони. Од едната страна е претставата на патронот св. Ѓорѓи Победоносец, а од другата е ретката претстава на Богородица со малиот Христос кој ни е свртен со грб – т.н. Пелагонитиса тип. И двете фрески добиле сребрени и златни украси во времето на Стефан Дечански, како донација од самиот крал. За жал, денес се сочувани само трагите од тој богат украс.

Припратата (нартексот) на црквата исто така содржи интересни и уникатни сцени од ѕидното сликарство. Во горните зони е насликан еден од најстарите црковни Менолози – црковен календар со сцени за секој ден од годината. За разлика од наосот, каде што беа насликани свети воини, тука, веројатно по нарачка на монасите, се наликани најзначајните фигури од православното монаштво. Помеѓу нив, за прв пат, во југозападниот агол од градбата се претставени ликовите на многу почитуваните локални светители – св. Прохор Пчињски и св. Јоаким Осоговски.

Над западниот влез на црквата е претставата на Успението на Богородица – повторно уникатна по многу детали. Тука е направене единствено решение во симбиоза на целиот Успенски циклус во една сцена, па така, со сликањето на Богородица на одарот во централниот дел, околу неа се сместени и сцените на соопштување на веста на пријателките, Успението, носењето на одарот и апостолите пред празниот гроб. Над неа е Исус кој ја држи нејзината душа претставена како бебе со крилја, а над Исус е Богородица носена од ангелите и отворените Рајски порти во кои треба да влезе. Од двете страни, за прв и единствен пат во византиското сликарство, покрај претставите на апостолите носени од облаците, се наликани и старозаветните пророци со своите атрибути кои се однесуваат на Богородица. Сето ова зборува за извонредна теолошка едуцираност на сликарите кои работеле во црквата.

На северниот ѕид на нартексот повторно се наоѓаат интересни и уникатни сцени. Како пандан на светото кралско семејство – св. Константин и Елена, се претставени кралицата Симонида и кралот Милутин кој ја држи црквата во своите раце. Тој црквата му ја подава на св. Ѓорѓи, но сцената отстапува од вообичаените ктиторски сцени. Наместо да е на колена и во намалени димензии, кралот Милутин е претставен како светител – пандан на св. Ѓорѓи, и, давајќи му ја црквата, тој на подарок го добива мечот на светителот. На овој начин е направена ликовна илустрација на податокот вклесан на каменот над влезот, дека црквата е посветена на св. Ѓорѓи како благодарност за победата на Милутин против Турците во Мала Азија.

За разлика од повеќето други цркви од средновековниот период, за црквата во Нагоричино ние точно знаеме кои биле сликарите-зографи кои ја украсиле црквата. Сочуваниот натпис на облеката на св. Теодор Тирон на јужната страна на влезот од припратата во наосот ни ја дава годината кога е завршено сликарството – 1317/18 и името Еутихиј. На штитот на св. Артемиј на северниот ѕид на наосот, повторно на грчки е испишано „од раката на Михаил Астрапа“. Ова се податоци од кои можеме да заклучиме дека црквата е насликана од најпознатите уметници од XIV век, предводени од солуњанинот Михаил Астрапа, веројатно син на сликарот Евтихиј. Неговото сликарско ателје важело за кралско ателје, бидејќи, освен охридската Перивлепта (1295), сите останати цркви во кои работеле – св. Прохор Пчињски, Нагоричино, Студеница, Св. Никита во Бањани биле донации од кралот Милутин.

Црквата била манастирска и опстанала како таква некаде до XVII – XVIII век, до кога е забележан манастирскиот живот. Некаде ок. XVI век таа добила и егзонартекс, кој денес е делумно разрушен.

Околина:

Околу црквата се наоѓаат свештенички и селски гробови, кои исто така изобилуваат со значајни етнолошки елементи. Најстарите гробови пак, биле поставени во просторот на тремовите од двете страни на црквата, кои денес се едвај видливи.

На дваесетина метри, југоисточно од црквата се наоѓа мала пештера за која се верува дека е спомената во житието на Св. Прохор како негова ќелија. Во XX век, тука е изградена мала црква – капела во чест на светителот. Спроти неа, од другата страна на патот, се наоѓа старата селска чешма, која уште се користи.

Во дворот на црквата постои нов, монтажен објект кој не соодветствува со опкружувањето, а има улога на сувенирница. Камбанаријата на црквата исто така е додадена подоцна, но не е познато во кој период.



Старо Нагоричино, Црква Св. Ѓорѓи



Старо Нагоричино, Св. Ѓорѓи, натпис над влезот




Старо Нагоричино, Св. Ѓорѓи, олтарна преграда



Старо Нагоричино, Св. Ѓорѓи, олтар



Старо Нагоричино, Св. Ѓорѓи, Исмевање на Христос

**2. АРХЕОАСТРОНОМСКА ОПСЕРВАТОРИЈА КОКИНО (Општина Старо Нагоричане)**

(2000 г. пр.н.е – 1200 г. пр.н.е.)

Археоастрономскиот локалитет „ Татиќев камен„( наречен уште „Мегалитска опсеваторија Кокино„ или „ Стара опсеваторија Кокино„) го зафаќа горниот дел на истоимениот рид со вулканско потекло, на околу 30 км. оддалеченост од Куманово, во североисточниот дел на Република Македонија. Со својата височина од 1013м. тој доминира над својата околина и селото Кокино во неговото подножје.

Од западната и јужната страна локалитетот граничи со атарот на село Кокино, а од источната и северната страна со атарот на село Арбанашко. Димензиите на локалитетот се 90 м должина (исток-запад) и 50 м широчина (север-југ). Според геолошките анализи се работи за андезитски нек (стврднатa лава во каналите на вулканот), кој веројатно потекнува од најмладата фаза на вулканската активност од кратовско-злетовската област од времето на горниот плиоцен.

На врвот на ридот вештачки се обработени неколку зарамнети површини (платформи).

Пониската платформа („А„) се наоѓа во западниот дел на локалитетот и содржи ансамбл од вештачки изработени камени седишта ( или „тронови„) исечени од природна карпа. Тие се изработени така да оној кој седи на нив е свртен со лицето кон источниот хоризонт. Друга платформа („С„) е позиционирана околу 30 м. југозападно од платформата со троновите и има исклучиво астрономска намена. Кон неа води посебна патека која почнува од долниот дел на локалитетот.

На северната падина на ридот (т.н. „ северна тераса„) се наоѓа уште една платформа, на која се наоѓа простор наменет за астрономски набљудувања („Е„). Околу 70 м. источно од платформата „А„ и 15м. повисоко се наоѓа уште еден зарамнет простор (платформа „В„).

Големата количина на ископани артефакти, археолошкиот контекст во кој се најдени, како и топографските карактеристики на ридот ( неговата доминантна позиција над околината, голем радиус на видливост од неговиот врв до кој се стигнува по благо наклонета падина од југоисточната страна, т.е. страна осветлена од утринското сонце, и др) ја потврдуваат неговата употреба на планинско светилиште, место каде бронзенодопските жители од околниот простор изведувале дел од своите религиозни обреди.

Астрономските истражувања потврдија дека посебен простор, на врвот на ридот, е користен за астрономски набљудувања, т.е. како мегалитска опсерваторија.

Тука се набљудувани движењата на сонцето и месечината и нивните карактеристични позиции кои биле обележани со специјални маркери. На база на цикличните повторувања на месечината на источниот хоризонт старите набљудувачи на небото направиле месечев карактер со циклус од 19 години.Создавањето на календар е големо достигнување на праисториските жители од овој регион, доказ за нивниот добро организиран стопански, културен и духовен живот.

Најновите астрономски истражувања покажаа дека вештачки изработената платформа „Е„ на северната тераса служела за набљудување на сонцето на денот на пролетната и есенската рамноденица, како и за позицијата на појавување на ѕвездата Алдебаран, во периодот меѓу 2000 и 1500 го. пред н.е.

Археолошки содржини

Според археолошките истражувања изведени во последната деценија, во рамките на локалитетот и на падините кои излегуваат надвор од неговите граници, може да се смета дека на ова место се наоѓало јадрото на сакралниот простор. Тоа го потврдуваат и обредните јами пронајдени на горната платформа и на северната тераса на ридот кои веројатно биле наменети за изведување ритуали. Затоа, денес се смета дека целиот рид, или просторот зафатен меѓу изохипсите со надморска височина од 910 и 1013 м, всушност е просторот на бронзенодопското светилиште и опсерваторијата кои се од исклучително значење за светско културно наследство.

Археолошките ситуации, евидентно зборуваат дека на самиот рид над Кокино, особено на северната страна, почнувајќи од помладата фаза на раното бронзено време, се вршело ритуално полагање на даровите, и тоа на три начина. Според археолозите, природните процепи на карпите на врвот од ридот, биле користени за ритуално оставање на дарови, во вид на садови со различна форма, кои потоа биле грижливо покриени со земја, и понекогаш со лепеж. Даровите поретко биле во форма на фигурини, алатки и сл. Вториот начин на полагање на истите дарови е евидентиран на т.н. Северна тераса, каде што, археолозите констатирале голем број на јами со различна големина, во кои што биле оставени даровите. Третиот начин пак, претставува формирање на цели кружни камени конструкции во вид на мали тумули, во кои што ретко се наоѓани цели предмети in situ (слична е и ситуацијата со останатите јами и процепи), но, скоро секогаш покрај себе имаат фрагментиран сад, пршлен, плочка или камена алатка. Стрмниот терен претходно бил нивелиран со поставување на помали ѕидови, а целата тераса била оградена со два паралелни ѕида. Ваквото користење на природните пукнатини и формирањето на јами претходно е забележано на светилиштата на Крит, како и на светилиштето во Пелинце.

Примерот со Пелинце и Кокино е толкуван како дарување на Големата Богинка – Мајка и нејзиниот син – Сонцето, а е доведен во врска со култот на плодноста. Меѓутоа, самиот обред на копање на јами, како влез во подземниот свет, либацијата (полагање на течна жртва) која е in situ констатирана на Кокино, зборува за доста можна корелација со хтонските сили, а со тоа и со симболичното жртвување (најчесто преку либација), за дарување на боговите на подземјето. Всушност, за древните народи и Сонцето претставувало бог кој секојдневно излегувал и влегувал од  и во утробата на Земјата. Формата на ритуалните јами, особено оние  во вид на кружни камени конструкции, во голема мера потсетуваат на гробните конструкции од бронзеното време  и можеби имале улога на своевидни кенотафи, покрај кои биле оставани дарови.

Ситуацијата со употребата на локалитетот е доста поразлична во доцното бронзено време, кога се јавуваат поголеми количества остатоци од куќен лепеж. Иако и тие може да се доведат во обреден контекст, отворено е и прашањето за постоење на некаков вид на градби, засега во нејасна корелација со регистрираните култови.

Веќе во железното време, на спротивната, Јужна тераса е евидентирана населба, и со тоа долго време се претпоставуваше дека е запоставен сакралниот карактер на локалитетот, односно дека се работи за неавтохтоно население кое ја „заборавило“ светоста на ридот. Сепак, континуитетот на материјалната култура од бронзенодопскиот и железнодопскиот период е евидентен, особено преку керамичките форми. Овој факт, во комбинација со новооткриените железнодопски наоди од сакралната, Северна тераса, го исклучува острото разграничување на сакралниот и профаниот аспект на користење на Татиќев Камен во железното време.

Јами

Археолошкиот контекст на откриените фрагменти од керамички садови, како и целите садови упатува на ритуално депонирање во јами (најчесто изделкани во природната карпа, и во некои случаи кружно дооформувани). Откриени се неколку типови јами: делкани во карпа, формирани од венец од камен, како и комбинации од претходните два типа. Овие јами се карактеризираат преку неколку основни облици: приближно кружни, полукружни, елипсовидни, а понекогаш и без јасна форма. Нивните димензии во длабочина и дијаметар често варираат, така што може да се забележат јами, широки од 0,30 м до 1, 40 м, длабоки од 0,40 м до 1,00 м. По депонирањето на материјалот јамите биле покривани со земја и раситен камен, а оградени со делкани камени плочи, што повторно наведува на нивната обредна функција. Јамите се изведувани на тој начин што природните пукнатини од карпите, биле проширени со делкање, и оформени приближно кружно во горниот дел со додавање раситен камен.

Камени конструкции

При истражувањата се констатирани и конструкции од кршен камен (сувоѕид) поставени во правец исток-запад. Тие се изведени на две нивоа, и се протегаат паралелно една до друга. Во досега истражените сонди, констатирани се неколку сувоѕидија кои се протегаат во права линија. Нивните димензии на протегање во сегашниот изглед изнесуваат од 1 м до 5 м, додека тие се зачуванисе во височина од 0,3 м до 0,6 м.

Позицијата на овие камени конструкции е лоцирана во просторот каде е констатирано големото количество на движен археолошки материјал и обредните јами. Тоа укажува на тоа дека овие камени конструкции го опкружувале местото каде што се изведувале обредните активности.

Движен археолошки материјал

Систематските археолошки истражувања започнати во 2001 год. открија големо количество археолошки движни содржини, пред сé фрагменти од керамички садови (поголеми и помали чинии, големи биконусни амфороидни садови, варијанти на длабоки садови за готвење храна, повеќе типови чаши и кантаросовидни садови), полирани камени секири, (камени) рачни мелници за жито, пирамидални тегови и др. Од особено значење се калапите за леење бронзени секири и приврзоци.

Наведениот археолошки материјал се датира во периодот на раното и средното бронзено време (XX - XIV век п. н. е.), но со значителна доминација на формите од доцното бронзено време (XIV - XI век п. н. е.). Керамиката од периодот на раното бронзено време е монохромна, со свои блиски аналогии во керамиката од културите во долината на реката Јужна Морава и Вардар. Хронолошки и типолошки тие се поврзуваат со културната група Бубањ-Хум III, која е дел од поширокиот Балканско-подунавски комплекс од раното бронзено време. Се забележуваат сличности и со други културни групи: Пелагониската (или Арменохори групата) од југозападна Македонија и групата Езеро во Тракија (Бугарија). Материјалот од периодот на доцното бронзено време најблиски аналогии има со материјалот од Пелинското градиште, како и со наодите од некрополата „Димов Гроб“ - Уланци. Сличности во материјалот се забележуваат и со наодите од локалитетите на таканаречената Брњичка културна група од басенот на Јужна Морава.

На јужната тераса која се наоѓа под ридот, констатирана е населба од железно време (VIII - VII век п. н. е.). Откриени се бројни фрагментирани и цели керамички садови, како: бокали со косо засечен врат, чинии со благововлечен венец на устата, питоси и др.

Украсувањето на овие садови е карактеристично за железното време, сочинето од врежани алтернирани триаголници и вертикални и хоризонтални линии. Аналогии со овој археолошки материјал има меѓу железнодопските култури од Скопско, Горно Повардарие, Јужна Морава, Струма итн.

Симболички обележја

Бројните јами од различни типови и облици, како и материјалот депониран во нив, го определуваат нивното симболичко значење. Во нивната внатрешност се пронајдени бројни фрагменти од керамички садови и тегови, а во некои од нив и целосно зачувани садови и тегови. Големото присуство на керамичкиот материјал во голема мера е констатирано и низ целата површина на локалитетот. Врз база на формата и украсот на керамичките садови потврдено е присуството на заедници од сите фази на бронзеното време.

Покрај керамичкиот материјал на локалитетот е документирано присуство на предмети изработени од камен. Се истакнуваат неколку калапи за изработка на секири, на накит и на различни други предмети од метал. Претставите гравирани на нив посочуваат на симболичкото значење на предметите изработувани со помош на овие калапи. Во рамките на материјалот од камен е потврдено бројно присуство на рачни мелници за жито, што наведува на обредната функција на овој простор, доколку се земе предвид отсуството на основи од живеалишта. Покрај овие предмети на локалитетот се откриени и неколку секири од полиран камен, со форми карактеристични за бронзеното време. На локалитетот се забележани бројни остатоци од лепеж, но не во нивната примарна позиција (во и до живеалишта), туку расфрлени низ целиот локалитет, и особено депонирани во обредните јами. Ваквата ситуација, како и непостоењето на темели од куќи, наведуваат на размислувањата, дека овој простор во бронзеното време не се користел за живеење.
За време на истражувањата се констатирани остатоци од ѕидови (сувоѕидија). Поради нивната слаба зачуваност, но и поради силно изразената ерозија на локалитетот тие не можат со сигурност да бидат определени во конкретен контекст. На северната страна на локалитетот, по самиот раб на долната тераса е откриен сувоѕид, кој можеби е дел од нејзиниот темел. Изработен е на две нивоа, од кои долното ниво е оформено од редени парчиња голем камен, додека врз него, односно горното ниво, е создаден паралелен сувоѕид од помали парчиња камен. Ова е уште една потврда за сакралниот карактер на локалитетот, имајќи предвид дека ѕидот нема силна конструкција, карактеристична за бедем, туку само ги определува границите на внатрешниот простор на ридот (локалитетот) и неговата околина.
Во контекст на човековото делување врз природниот амбиент сведочат масивните обработени карпи, именувани како тронови. За нив се смета дека претставувале централна обредна локација во текот на церемониите.

Нивната погодна позиција овозможувала осветлување од Сонцето на оној кој бил поставен во средиштето на овие тронови, што секако ги зајакнувало симболичките врски меѓу свештеникот/ поглаварот и Сонцето.

Астрономски содржини на локалитетот

Праисториската опсерваторија Кокино е една од најинтересните содржини на овој археолошки локалитет.Просторот кој е користен како опсерваторија има должина од околу 90м. и ориентација запад – исток.Тој е составен од долна, западна платформа и горна, источна платформа, вештачки исечени во андензитните карпи („А„ и „В„ со висинска разлика од 15м. меѓу нив) и две астрономски платформи( западна астрономска платформа „С„ и северна астрономска платформа „Е„). Платформите „А„ и„В„ се користени за обредни дејствиа.

Сонцето се раѓа точно на исток, а заоѓа точно на запад само на два дена во годината – на 21 март ( на денот на пролетна рамноденица) и на 23 септември ( на денот на есенската рамноденица). Сонцето има најголем отклон кон север ( од правецот запад – исток) кога се појавува на хоризонтот на 21 јуни ( на денот на летната долгоденица), а кон југ на 22 декември(на денот на зимската краткоденица). Посебни маркери се исечени во карпите за овие карактеристични позиции на сонцето. Од овие три маркери ( еден за пролетната и есенската рамноденица, еден за зимската краткоденица и еден за летната долгоденица) само за летната долгоденица и зимската краткоденица се делумно сочувани.

Многу потешко е да се свати периодичното движење на месечината и да се одбележат карактеристичните точки на нејзиното движење. Едноставно кажано, месечината во зима се движи приближно по привидната патека на сонцето на летно небо, а во лето приближно по зимската привидна патека на сонцето. При тоа деловите од хоризонтот на кои таа се појавува во лето и во зима ( кога е најниско или највисоко на небото) се ограничени со точките на нејзината максимална или минимална деклинација). Овие точки на Кокино се одбележани со длабоки маркери ( кои се добро сочувани). Помеѓу точките на максимална и минимална деклинација на месечината во лето и во зима се позиционирани соодветно маркерите за летната долгоденица и зимската краткоденица на сонцето. Маркерите за месечината на Кокино покажуваат дека праисториските набљудувачи на небото го познавале т. н. Циклус на метон ( грчки астроном од 5 век пред. н. е.) кој го забележал својството на месечината да ги повторува своите фази на ист датум во година после период од 19 години. Овој циклус бил познат во Месопотамија во 6 век пред н. е. (Така, на Кокино, месечината го повторува своето појавување на ист маркер по временски период од 19 години).

Астрономските истражувања на Кокино покажаа дека астрономските маркери во врска со платформата „С„ се направени во втората половина на 19 век пред н. е.

Сите клучни содржини на древната опсерваторија се сместени на две платформи, горна и долна, со меѓусебна разлика во надморската височина од 19 м. На долната платформа позиционирани се посебни места за набљудување на небесните тела на источниот хоризонт, а на горната платформа се лоцирани посебно оформените маркери за обележување на местата на изгревање на Сонцето и Месечината. На долната платформа, со својот карактеристичен изглед и големина, доминираат четирите камени седишта, денес познати како тронови (престоли). Нивните димензии се со приближна должина од 5,5 м, широчина 2 до 2,3 м и височина од 2,2 м. Ориентацијата на троновите е север-југ, така што оној кој седи на некој од нив ги набљудува појавите на горната платформа, а врвовите на карпите за него ја имаат улогата на источен хоризонт. Овие тронови веројатно имале обредна улога и биле главното место за изведување на древните ритуали.

Источниот хоризонт е набљудуван од две места кои се лоцирани југозападно од троновите. Од нив првата локација е добро зачувана и лесно препознатлива, додека втората е оштетена од можните земјотреси во минатото и геолошките активности на релјефот. Според археo-астрономските анализи може да се смета дека од овој простор било набљудувано движењето на Сонцето и Месечината. Токму од него се забележуваат маркерите на источниот хоризонт со кои се обележувале местата на изгревање на Сонцето во деновите на пролетната и есенската рамноденица, летната долгодневица и зимската краткодневица. Од истото место можат да се видат сите маркери кои ги посочуваат местата на изгревање на полната Месечина во деновите кога таа во текот на зимата и летото има најмала и најголема деклинација.

При процесот на изработка на календар, два од овие маркери се користени за мерење на должината на лунарните месеци. Овој систем на древни мерни средства овозможил дефинирање на лунарен календар со циклус од 19 години, во кои биле вклучени определен број лунарни месеци со должина од 29 дена и определен број лунарни месеци до должина од 30 дена. Во циклусот од 19 години има 12 години со по 12 лунарни месеци (обични години) и 7 години со по 13 лунарни месеци (престапни години).

Од извршените архео-астрономски истражувања утврдено е дека опишаните камени маркери следат позиции на небесните тела во текот на пролетната и есенската рамнодневица, летната долгодневица и средзимскиот екстрем при изгревање на полната Месечина. Исто така врз база на овие позиции регистрирани преку камените маркери пресметана е староста на локалитетот.

Еден од обредите изведувани на Кокино имал нагласено солерен карактер. Имено, во средината на летото ( денес во последниот ден на месец јули) сончевите зраци на сонцето кое изгревало зад највисокиот маркер на локалитетот, минувале покрај десниот раб на вештачки направениот процеп во стените, 20 – метри подолу и огревале за кратко, само едно од камените седишта ( второто од лево). Тој кој седел на ова седиште бил, веројатно, племенскиот старешина во улога на главен извршител на овој племенски обред кому сонцето на овој начин му го потврдувало легитимитетот на владетел и врховен свештеник. Обредот се однесува можеби на ткн. “Свет брак“,т.е. на соединување на небеското божество – Сонцето со Големата Богинка – Мајка, персонифицирана како карпест планински врв, соединување кое гарантирало нов циклус на обнова на природата.

Но, сонцето минува низ маркерот уште еднаш во текот на една сончева година. Околу 2000 год. пред. н.е. овој настан се случувал кон крајот на месец мај. Во пролет изгрејсонцето можело да се набљудува низ маркерот за Алдебаран од северната астрономска платформа. Денес тоа го нарекуваме пролетна рамноденица. Во тоа доба на годината Алдебаран не е видлив в зори, бидејќи тој се појавува по појавувањето на сонцето. Околу два месеца покасно хелијакалното појавување на ѕвездата ( појавување пред изгревот на сонцето) се случува на камениот “заеднички“ маркер в зори.Бидејќи тој е заеднички за двете платформи (“Е“ и “А“), изгрејсонцето на ритуалниот маркер, во утрото на хелијакалното појавување на Алдебаран може да се набљудува од “троновите“. Овој настан можеби е во врска со обредите кои го означувале почетокот на новата сезона.

Локалитетот Кокино е еден од најпосетуваните локалитети за туристите во СИ дел на Македонија. До него води асфалтиран пат и има релативно добра инфраструктура. За локалитетот постои сајт и аудио водич, како и брошури и водичи.




Праисториска опсерваторија Кокино



Праисториска опсерваторија Кокино



Праисториска опсерваторија Кокино, тронови




Праисториска опсерваторија Кокино, маркери



Праисториска опсерваторија Кокино, садови



Праисториска опсерваторија Кокино, изгревање на сонцето на маркер



Праисториска опсерваторија Кокино, двоен ѕид

## 3. НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО – ПОСТОЈАНА ПОСТАВКА (Општина Куманово)

Во 1964 година за првпат е формирана самостојна установа Историски музеј – Куманово, која во 1979 година го менува своето име во Народенмузеј „Куманово“.

Музејската зграда е сместена во близина на центарот на градот со типичен белег на стараградска архитектура, изградена во 1926/27 година.

Во 1997 година, во дворот на Музејот е поставен лапидариум на антички камени споменици.

Во 2000 година, НУ Музеј Куманово заедно со археолошкото, историското и етнолошкото одделение брои над 8500 артефакти добиени по пат на теренски истражувања, откуп или подарок.

### АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

Археолошкото одделение со својот богат фонд на артефакти од праисториската, античката, средновековната и нумизматичката збирка брои над 2.600 експонати (археолошки предмети и монети). Повеќето од наодите се изложени на Постојаната музејска  поставка.

Приказната започнува од младо камено време (неолит) од втората половина на ВИИ до почетокот на ИВ милениум п.н.е. Во рамките на Кумановскиот Регион траги на живеење од овој период засега се среќаваат на околу десетина локалитети, а само на три се вршени археолошки ископувања: „Амам“, село Лопате (доцен неолит), „На Брег“, село Младо Нагоричане (среден неолит) и „Млака“, село Шупли Камен (доцен неолит) и продолжува преку бронзеното време (лок. Татиќев камен), класичен и римски период (лок. Дрезгра во с. Лопате), па се до византиски и среден век (лок. Визијанус, с. Клечовце).

Изложените предмети од локалитетот Костоперска карпа, црвенофигуралниот скифос и црноглазирани садови, зборуваат за развиена цивилизација кој имала врска со јужните центри.

Кај нас веќе од ИИ век п.н.е. преку лок. Дрезга во с. Лопате, гледаме дека израснале цивилизирани центри во кои масовно се користеле стаклени и луксузно керамички садови како и златен накит од кои се издвојува уникатниот стаклен сад кој има уште еден внатре.

Најновите истражувања се насочени на раноантичкиот локалитет „Градиште“ помеѓу с. Макреш и с. Младо Нагоричино, каде е откриен богат материјал од архитектонска декоративна пластика, а дел од нив (јонски капители) веќе се изложени на Постојаната музејска поставка.

ИСТОРИСКО ОДДЕЛЕНИЕ

Презентацијата на историското одделение во Музеј Куманово ја сочинуваат четири периодични збирки: „Национално - револуционерно движење“, „Период меѓу двете светски војни“, „НОБ“ и „Социјалистички период“ со над 2 300 експонати.

Според легендата името на населбата КУМАНОВО потекнува од името на воинственото племе Кумани коишто во 1094 год. навлегле во овој крај и извесно време се задржале на територијата на денешната кумановска општина и пошироко.

Името на градот Куманово првпат се среќава во турски пописен дефтер испишан со арапско писмо, датиран во 1519 година, како населено место во состав на Нагоричката нахија. Тоа е период кога Македонија била под петвековната турска (османлиска) власт.

На поставката е прикажан растежот на градот Куманово низ историјата на македонскиот народ.

Знамето и печатот од основањето на кумановската револуционерна организација сведочат за учеството на кумановци во дејствувањето на Македонската револуционерна организација како и учеството во Илинденското востание.

Во 1920 година биле одржани првите општински избори во градот, за што сведочи и гласачката кутија изработена во Марсеј ( Франција).

Градот Куманово меѓу двете светски војни доживува подем и развој во стопанството, индустријата, урбанизмот, културата, образованието и спортот.

Во процесот на поставување на темелите на државноста на Македонија, клучен настан е Првото заседание на АСНОМ, кој се одржал во манастирот “Св. Прохор Пчински” на Илинден 2 август 1944 г. Овој значаен историски настан, во постојаната поставка на музејот е претставен преку манифестот, решенијата и фотографски материјал од самото заседание.

Во периодот од 1945-1991г. претставен е развојот на градот, преку бројни фотографии од изградба на плоштадот, индустриските, спортските објекти и кулутрно-образовните институции.

ЕТНОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

Етнолошкото одделение брои над 2200 експонати, распоредени во пет збирки: „Традиционални народни носии и ткаеници“, „Традиционален накит и предмети за лична употреба“, „Покуќнински предмети“, „Народно стопанство“ и „Народни музички инструменти“.

Етнолошките предмети сведочат за потеклото, културата и обичаите, но тие можат да ни ја раскажат и приказната за спомените и надежта на нашите предци.

Во амбиенталниот приказ на ова одделение може да видиме ентериерно уредување на градски куќи во минатото како и селски огништа. Нивната различност се гледа и во покуќнинските предмети кои во селските куќи најчесто биле земјени, изработувани на грнчарско тркало. Побогатите семејства пак, освен со земјени се служеле и со предмети изработени од бакар, железо, месинг, олово и др.

Феноменот на облекување од социјален аспект може да се опсервира и како симбол на идентитет.Народната носија која била носена во Куманово и Кумановско според етничката припадност е поделена на шопско - пољанска, которска, влашка, албанска и ромска носија.

Традиционалната женска и машка облека била составена од повеќе елементи, а главен елемент е кошулата.Кошулите најчесто биле изработувани од памучно платно, биле декорирани со разни орнаменти (геометриски, флорални и др.) во црвено – црн тоналитет.

Градските носии од крајот на 19 век и почетокот на 20 век според влијанијата се поделени на „ала турка“(ориентално влијание) и „ала франга“ каде преовладува западноевропско влијание. Како резултат на развиените трговски врски на Куманово со европските центри во периодот меѓу двете светски војни европската мода „ала франга“ ја потиснува „ала турката“.

Оваа поставка завршува со приказ на занаетчиските предмети изработени од кумановските занаетчии. Претставени се грнчарскиот, ковачкиот, калаџискиот и казанџискиот занает. Занаетчиите биле организирани во еснафи и имале своја управа. Токму од нивниот фонд била порачана и изградена зградата на Занаетчискиот дом во Куманово од рускиот архитект Владимир Антонов во 1930 година.



Национална установа Музеј Куманово



Музеј Куманово



Музеј Куманово

**4. ГОЛЕМО ГРАДИШТЕ – КОЊУХ (Општина Кратово),**

Археолошкиот локалитет Големо Градиште се наоѓа во близина на Кратовското село Коњух. Познат е како редок пример на град подигнат кон крајот на 5 – почетокот на 6 век н.е., на територија на провинцијата Дарданија, во Источното Римско Царство. Распространет на висока и издолжена акропола, широка тераса на северното подножје на акрополата заградена со Крива Река, и потесен простор на јужното подножје на акрополата градот е пример на доцната фаза на римскиот урбанизам, со силно утврдување и значителен акцент на црковната архитектура. Планот на градот, тврдините и црквите истовремено претставуваат рана фаза на развојот на европскиот урбанизам и религиозното наследство. Со своите са. 17 хектари површина, Големо Градиште кај с.Коњух е најголемиот и досега најдобро истражен град од 6 век во североисточниот дел на Р.Македонија.

На природно заштитената акропола, на високиот рид познат како Големо Градиште, во 6-от век била изградена силна тврдина. Овде, со археолошките истражувања реализирани помеѓу 1998-2004 г., беа откриени капии, улици, скали и неколку резиденцијални и јавни градби, со темели вкопани во меката карпа. Дел од нив, меѓу кои големата цистерна за вода, се видливи и денес на акрополата. Доминантноста на ридот над поширокaта околина била од голема стратешка важност за безбедноста на градот и неговите жители во немирните времиња на 6 век. Локалитетот е познат и по бројните простории издлабени во карпата, откриени на југозападната страна на ридот. Се верува дека во минатото биле користени како монашки ќелии.

Од 2005 година наваму, систематските истражувања продолжуваат на северната стамбена тераса, каде беа откриени два големи резидецијални комплекси. Првиот е повеќенаменска градба со остави и работилници околу внатрешен двор, додека вториот е резиденција со неколку поголеми простории, кујнски простор и двор со колонада, која несомнено припаѓала на член на градската елита. Точно помеѓу двете резиденции откриена е и голема, трикорабна базилика (35 x 15 м), со различни невообичаени архитектонски решенија. Една од нејзините анекс простории, со апсидален завршеток на источната страна и писцина во средишниот дел, претставувала крстилница. Фрагментите од репрезентативна камена пластика, откриени и во оваа базлика но и во базиликата Ротонда на овој локалитет, укажуваат на локална работилница, од средината на 6 век.

Надвор од бедемите, на утврдувањето се некрополите на градот, од кои најдобро истражена е некрополата на платото К’шла, оддалечена околу 500 м североисточно од Големо Градиште.

На источното подножје на ова плато, при заштитни истражувања во 1995 година, била откриена мала трикорабна базилика со голема засведена гробница во внатрешноста, која веројатно била во функција на некрополата. Со својата уникатна кружна форма, на овој локалитет припаѓа и познатата црква Ротонда, откриена во 1919 година, на ниско ридче оддалечено околу 200 м југоисточно од градот. Раскошните архитектонски елементи и решенија, како и бројот на црквите посочуваат на веројатноста дека градот бил и епископско седиште. Неговата големина, местоположба и очигледната економска моќ го идентификуваат како важен стратешки и административен центар во овој регион во времето на Доцната Антика.

Големо Градиште е најголемиот и досега надобро истражениот град од 6 век во североисточниот дел на Р.Македонија. Оттаму, резултатите од истражувањата даваат важни податоци и заклучоци за урбанизмот во овој регион, а поконкретно за ретките новоформирани градови од Доцната Антика. Црковната архитектура е од исклучителна вредност, не само за овој локалитет и територијата на нашата земја, туку и пошироко – за целиот Балкански Полуостров. Веќе ги споменавме трите цркви од 6 век, кои со својот уникатен изглед и литургиски елементи на различни начини служеле на Христијанската заедница на градот. Раскошните рељефи на амвоните односно певниците во Ротондата и Епископската базилика се досега без споредба и укажуваат на непозната локална работилница.

Од самиот почеток во 1998 година, истражувањата на Големо Градиште се одвиваат како меѓународен истражувачки проект, под раководство на Археолошкиот оддел при НУ Музеј на Македонија – денес НУ Археолошки Музеј на Македонија, од Скопје, и Гетисбург колеџот од Гетисбург, Пенсилванија, САД.

Околината на Големо Градиште, со блиските археолошки локалитети, како Селиште, Кшла и Цоцев Камен, а потоа и автентичните камени куќи во селото Коњух, убавината на природната формација Куклици и богатите форми и бои од вулкански карпи (туф, бреча, варовник и др.), кои ги пленат сетилата и емоциите на посетителите, треба да се перцепираат како интегрална целина како единствен – Археолошки Парк „Големо Градиште“.



Археолошки локалитет Големо Градиште



Археолошки локалитет Големо Градиште

## 5. ЦРКВА „СВ. НИКОЛА“ ВО КУМАНОВО, Општина Куманово – 1851

Црквата Св. Никола во Куманово е типичен претставник на македонскиот преродбенски период од 19 век. Изградена е во централниот дел на градот, во некогашната Варош маала. Започнала да се гради во 1847 г. со дозвола на Цариградската управа. Нејзин главен мајстор – градител бил Андреја Дамјанов (1813-1878) од Папрадиште – Велешко. Со изградбата е завршено во 1851 г., како што дознаваме од црквено-словенскиот натпис над јужниот влез на црквата. Во градот, таа е позната и како Стара црква.

Архитектонски гледано, таа претставува монументална трикорабна базилика без купола, со три високи апсиди од источната страна. Градена е од убаво обработени жолтеникави и сиви травертински блокови, кои денес се премачкани со малтер.

Се забележуваат три нивоа, од кои доминира од кои доминира централниот, највисок кораб покриен со двосливен покрив од ќерамиди. Второто ниво го претставуваа страничните, пониски кровови со еднослив‌ен покрив, а третото ниво, кое е најниско, го гради покривот над тремот. Отворениот трем од колонада со арки, од северната, западна и јужна страна на црквата, денес е застаклен.

На четирите агли од првото ниво е изведена релјефна декорација од камен со атрибутите на четирите евангелисти – лав (Марко), теле (Лука), орел (Јован), ангел (Матеј). Глави на овен со свиткани рогови ги красат аглите на проскомидијата и ѓакониконот.

Најбогатата полихромна релјефна декорација е изведена над трите влеза на црквата – на западната, јужната и северната фасада. Таа е изведена со зооморфни претстави (лавови, дракони, птици и грифони), флорални (палмети), антропоморфни (минијатурни глави, фигури на св. Архангели Гаврил и Михаил), геометриски (коринтски капители, круна, полукружни и прави линии).

Авторите на овие претстави се тројцата мајстори од тајфата на Дамјанов, од родот на Рензовци – Зографци: Никола, Ѓорѓи и Коста, кои своите портрети, заедно со главниот мајстор, ги оставиле над западниот влез.

Декоративните решенија на фасадата имаат елементи на европскиот барок и рококо.

Старите фрески од 1852 г., се распоредени во централниот кораб, на сводните површини, во четирите слепи куполи. Светото тројство е насликано во источната олтарска калота, а кон запад се наредени Исус Христос Пантократор, Богородица Оранта и св. Никола.

Фреските ги изработил зографот Никола Михајлов од Крушево, син на познатиот Михајло Зиси од Самарина.

Новите фрески на северниот и јужниот ѕид на наосот со сцени од Големите празници и Богородичиниот циклус се изработени многу подоцна, во 1969-1971 од Крсто Колоски од Скопје.

Овој импозантен храм го краси високиот иконостас со голем крст на врвот и акротерии со позлата, од 19 век. На него со поставени престолните икони и иконите од великите празници. Најголемиот број од нив ги изработил најдобриот македонски зограф од тој период – Дичо Зограф од Тресонче во 1857 г. На иконите работеле и Вено Зограф (1869), Хаџи Коста Зограф од Велес (1855) и Димитар Андонов Папрадишки (1908). Веројатно истовремен со иконостасот е и резбаниот дрвен амвон.

Галеријата на икони се наоѓа над покриениот трем, на катот, оградена од трите страни со колонада и аркади од мали столбови. Таму се изложени над 80 експонати, главно икони од 19 век, соберени од кумановските цркви. Најстариот и нарепрезентативен експонат е Карпинскиот иконостас од 1606 г., а од истиот манастир се донесени и дверите, владичкиот трон, певниците и двете нафори.



Црква Св. Никола - Куманово



Галерија на икони во Црква Св. Никола

**6. ТАТАР СИНАН БЕГОВА ЏАМИЈА – КУМАНОВО (1530/32**), **Општина Куманово**

Најстарите сочувани џамии во кумановско биле изградени во XVI век. Тие се од типот на еднопросторни поткуполни џамии чии почетоци ги среќаваме кај Селџуците кон крајот на XI и XII век, а на Балканот се појавуваат во XVI и XVI век и тоа во Санџак, Косово и Македонија.

На типот еднокуполни султански џамии припаѓа и кумановската џамија Татар Синан - бег, во градот позната и како Ески (СТАРА) џамија. Според едни, е изградена помеѓу 1520 - 1530, а според други, во 1532 година, како задолжбина на Татар Синан бег, во периодот на владеење на турскиот султан Сулејман I Величествен (1520 - 1566).

Првите интервенции се правени во 1751 година во време на Татар Саид бег, за што има запис во самата џамија. Според Јован Хаџи Васиљевиќ, оваа џамија тогаш била изградена, а не поправана, за време на Татар Саид - бег кога бил скинат оловниот покрив од Манастирот матејче и со него била покриена оваа џамија. Татар Синан - беговата џамија ја споменува турскиот патеписец Евлија Челебија во 1660 година (втора половина на 17 век), кога поминувал низ овие краеви.

Останува дилемата дали се работи за истата џамија изградена од претходните два века, или пак за сосема нова џамија изградена во 18 век.

За време на Втората светска војна, во 1943 година било урнато минарето и истата година повторно било изградено. Последните интервенции се извршени во 2008 година, со целосна обнова на ентериерот, доградба на северната и источната фасада, како и изградба на нов шадрван - раскошна чешма или фонтана во дворот на џамијата.

И ден денес, се наоѓа во турската Орта - бунар Маала, блиску до старата собраниска зграда. Во натписот на една надгробна плоча во дворот на џамијата се вели дека во 1659/60 година, Хаџи Осман Сулејман бег, бил прв мутевелија на оваа џамија. Првобитната џамија е со квадратна основа (8,5 х 8,5 м.), и широка кружна купола, трем на северната страна и минаре на северозападниот агол. Главниот влез е на северната, а спoредниот на источната фасада. Градена е од прецизно обработени жолтеникави камени блокови. Дебелината на ѕидовите изнесува до 1м. Џамијата претставува куполна градба, чија внатрешност се карактеризира со единство на просторот, засведен со купола носена на пандантифи, каква што е и Коџа Мехмедед - беј џамијата во Табановце (1586/96), изградена цели пет децении подоцна. Припаѓа на т.н. класичен стил, во време на најголемиот подем на Османското Царство.



Татар Синан бег Џамија во Куманово



Татар Синан бег Џамија во Куманово, ентериер

**7. БИСЛИМСКА КЛИСУРА (Општина Куманово)**

Бислимската клисура се наоѓа од 4 до 14 километри југоисточно од градот Куманово. Воглавном се протега меѓу магистралниот пат Куманово-Свети Николе и локалниот пат Куманово- с.Пчиња. На север областа започнува јужно од село Биљановце и југозападно од село Доброшане, на североисток и југозапад е ограничено со споменатите патни правци и тоа до реката Пчиња, а од тука двете граници- источна и западна, одат кон југоисток-се до ридот Кукуљатица каде нешто појужно од врвот се составуваат.

Просторот има елипсеста форма и е издолжен во правец ссз-јји-со должина од 10 км.

Ширината не преминува 4,5 км, и од средишниот дел каде е најголема, постепено се намалува.

Теренот претставува површина што била населена од праисторијата, со две констатирани тврдини од доцноантичкиот период и повеќе пештери, од кои една – Лишков пештер претставува и археолошки локалитет.

Лишков пештер:

Оваа пештера се наоѓа на западната (десната) долинска страна на реката Пчиња, североисточно од месноста Братанов Брест на ридот Красте.

Тука долинските страни се скоро вертикални и имаат изглед на кањон.

Влезот на пештерата е на височина од 12 м над речното корито, под висок карпест отсек низ чиј средишен дел постои огромна пукнатина вдолж која варовничките слоеви се пореметени- тоа е всушност мал расед со правец на протегање с-ј.

Всушност се состои од три отвори оддалечени меѓу себе околу 1м. Отворите се во ниво. Најголем од нив е десниот отвор. Тој е предиспониран вдолж една доминантна дијаклаза и е со неправилна тријаголна форма, висок 1,2м, а широк 0,8м. Другите два отвори се со помали димензии, посебно левиот кој има изглед на хоризонтален процеп висок 50 см, а долг 1,2 м.

Иако влезот е тесен, кон внатрешноста пештерата нагло се проширува во вид на сала висока 3-4 м широка 6,5 м, а долга 4 м. Уште во овој почетен дел се сретнуваат пештерски акумулативни форми, а посебно саливи и драперии. Дното, освен со глина е прекриено и со голем број урнати блокови.

Од салата се делат два канали кои одат паралелно кон југ.

Левнот канал започнува со еден степеник висок 0,7 м. Под степеникот т.е. во неговото подножје постои тесен процеп долг околу 3 м. и широк 1,5 м. Каналот кој се стеснува во вид на тесен, но висок триаголник (висината му е преку 3 м, а ширината во базата 60 см), кој води праволиниски во должина од 10 м. Тоа всушност претставува раседна пукнатина со измазнети страни, која во височина и во должина продолжува (завршува) во вид на непроодва пукнатина. Иако овој канал не е долг, сепак поради ширината може да се смета за главен. Неговата должина е околу 15 м. Исполнет е со пештерски накит, а посебно сталактити, сталагмити и драперии. Уште во почетниот дел, од него кон запад се одделува спореден канал висок 70 см, а широк 1 м. По 2 м тој се дели на два крака со спротивен правец (с-ј). И овие потесни канали, исполнети се со пештерски накит. Посебно се интересни младите сталактити-макарони.

Од порано споменатата сала кај влезот, кон десно (кон запад) продолжува втората група канали. Општа карактеристика им е што се инверсни и многу пошироки од претходните. И овие канали се доста богати со пештерски накит, а низ целата испитана должина дното им е покриено со камени блокови. Овде главниот канал е долг 12 м, широк 4 м, а висок околу 2-5 м. Завршува слепо со мало проширување во завршниот дел. Посебно интересни се драперии и завеси кои се спуштаат од таваницата. Во почетниот дел од главниот канал слично како и кај левата (источна) група калали се одделува потесен спореден канал кон запад. На почетокот од него кружно кон север води краток канал долг 3,5 м. со доста сталактити и аталагмити долги и до 50 см. Спорeдниот канал пострмо се спушта, а влажноста постепено расте.

Од растителен свет има алги- поради големата влажност, а од животински- пештерски пајаци, скакулци и др.

Сепак најголемо изненадување во пештерата претставуваа специфични камени садови издлабени од човечка рака, а и најдените остатоци од коски- највероjатно човечки артефакти, во процепот под степеникот на левата страна од салата. Тоа несомнено говори дека пештерата била населена со луѓе за што потврда се и старите ѕидани градби во месноста Градиште- од другата страна на реката.

## Градиште

Локалитетот Градиште претставува тврдина од доцноантичкиот период која поради својата непристапност не е истражувана археолошки. Сепак, таа претставува најсочувана тврдина од овој период во кумановскиот регион, со многубројни површински наоди преку кои можеме да ја определиме хронологијата на локалитетот.

Утврдувањето има форма на неправилен триаголник и ја следи конфигурацијата на теренот. Ѕидините од југоисточната страна се најсочувани, и постојат во висина од 2 м., низ целата должина. На најпристапниот дел – источниот, постоела кула која денес е видлива во основата. Непосредно до неа, се наоѓала ранохристијанска црква, од која што останале само камењата во основата. Но нејзина близина постојат и други видливи ѕидови од стамбени објекти. Објекти постоеле и надвор од тврдината, кон коритото на р. Пчиња. Влезот на тврдината бил од северната страна, покрај всечен влез во карпите. Патот кој поминувал покрај тврдината е се уште видлив од спротивната страна на реката, што значи дека во непосредната близина постоел мост за утврдувањето. Во самиот локалитет постои пештера, мала по димензии, која што сигурно била користена како објект. Најголемиот број на наоди датираат од 3-6 в.н.е. Тврдината има три видливи фази на градење.

## Момина Бавча

Локалитетот Момина Бавча се наоѓа северно од претходниот, но на другата, западна страна на реката Пчиња. За разлика од Градиште, ова утврдување е тешко оштетено од дивите копачи. Сепак се уште се видливи остатоците од ѕидините, тука сочувани само во основата. Наодите се истовремени со Градиште, односно и оваа тврдина постоела во 3-5 в.



Бислимска клисура



Бислим, Градиште

**8. СПОМЕН КОСТУРНИЦА (Општина Куманово)**

Спомен костурница изградена во 1957 година по повод 11 Октомври, денот на востанието на македонскиот народ. Дело е на архитектот Зордумис и вајарот Сретен Стојановиќ. Се состои од обелиск и костурници во кои се сместени посмртните останки на загинатите во Народноослободителната војна од Куманово и Кумановско.



Спомен Костурница

**9. МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР АСНОМ ВО ПЕЛИНЦЕ (Општина Старо Нагоричане)**

Спортско рекреативниот центар во чиј склоп се наоѓа и меморијалниот музеј посветен на „АСНОМ„ е лоциран близу денешната македонско-српска граница, во близина на манастирот „Св. Прохор Пчињски“.

Големината на комплексот изнесува 8.5 ха .

Пространата композиција на Меморијалниот Музеј АСНОМ се состои од пјацета и музејска зграда. Тие заедно претставуваат единствена целина и симболички меѓусебно се надополнуваат. Пјацетата се јавува како увертира пред влегувањето во музејската зграда.

Тука луѓето со своите погледи го опфаќаат секој дел од овој отворен простор и уживаат во непосредното опкружување. Веднаш по пристапот на оваа пјацета се појавува местото за полагање венци. Тоа е решено со три елиптични платформи, а како позадина се јавува множество од столбови коишто го симболизираат масовното учество на народот во борбата за сопствената слобода. На овие столбови е претставено сонцето како симбол на слободата. Сосема на десниот крај од платформата е поставен цвеќарник во цилиндрична форма на којашто се веат македонски знамиња. Од овој цилидар (симбол на раѓањето) продолжува оградениот завоен ѕид(симбол на вечниот пат кон прогресот) кој ги прескокнува столбовите и продолжува со спирална насока со благ наклон којшто се стопува со објектот како краен плод – плодот на слободата и независноста. Лево од влезот на платото се појаувва прекршен ѕид на којшто симболички е претставена во мозаик целокпната историја на Македонија на површина од 122.4 м2 изработен од нашиот реномиран уметник Рубенс Корубин.

Силуетата на објектот претставува продолжение на спиралната ограда којашто го формира платото. Покривот на објектот е пресечен со наклонета рамнина којашто го следи наклонот на оградата, така што вкупната силуета на објектот е под единствен наклон кој почнува од котата на теренот и завршува на крајниот највисок ѕид од музејската зграда
Целта на авторот е да постигне психолошки ефект кај посетителот кој се провлекува низ теснина за веднаш потоа да настане експлозија на ентериерот во којшто погледот е до недоглед. Плафонот е инспириран од стилизирана тантела од народниот вез.
Покрај Меморијалниот Музеј на АСНОМ, комплексот опфаќа библиотека, ресторан, отворен амфитеатар, рекреативни спортски терени, парк, детски лавиринт итн.



Меморијален центар Пелинце



Меморијален центар Пелинце, ентериер

**10. КУКЛИЦИ, Општина Кратово**

Во источниот дел на Р. Македонија, во село Куклица, Кратовско, се наоѓа геолошкиот резерват "Весела свадба", кај народот познат уште како Куклици, Кукли и Пијани сватови. Геолошкиот резерват „Весела свадба” е ремек-дело на природата.

Но, кај народот постои легенда за скаменетите сватови. Според легендата, во селото Куклица живеел градител, мајстор – ѕидар на куќи. Бил голем мајстор, а воедно бил и голем лажго. Решил да се жени. Во селото имало Горно и Долно маало. Мајсторот им закажал свадба на двете Стојанки во ист ден. Стојанка од Долно маало била многу богата – имале овци, говеда, афион, памук, коноп, но не била убава. Стојанка од Горно маало, пак, била сиромашна, но многу убава. Стојан се одлучил да се ожени со Стојанка од Долно маало.

Кога слушнала тапани и гајди, Стојанка од Горно маало се зачудила зошто сватовите не дошле кај неа, па затоа решила да слезе во Долно маало и да провери што се случува. Ја видела свадбата и сфатила дека мајсторот решил да ја земе побогатата Стојанка. Тогаш ја фрлила клетвата: „Да даде Господ сите да се скамените, па макар и ти и јас!” Во моментот кога младенците се бакнале, клетвата се остварила и сите свадбари се скамениле.

Скаменетите свадбари и денес сведочат за гневот и за болката на несреќната девојка. Селаните го викаат местото „Весела свадба” зашто сватовите останале насмеани, а младенците се скамениле во нежна прегратка. Поради овВо резерватот има 148 кукли, или земјани пирамиди. Народот на секоја кукла ѝ има дадено некоја улога (на пример, има кум, старосват, чичо, стрина, сватови...).

Според истражувачите, на просторите каде што се куклите имало езеро. Со истекувањето на езерото, почнува нивното моделирање, што трае и ден-денес под влијание на гео-егзогените фактори.



Куклици, Кратово

## 11. ГРАД КРАТОВО

Градот Кратово, кој се наоѓа на западното подножје на Осоговските Планини е познат како еден од најстарите „живи“ градови на Балканот. Има уникатна положба и архитектура, а особено плени со своите кули и мостови. Во летниот период, кратовските рекички се речиси без вода, но за време на посилни врнежи, носат се пред себе. Заради тоа, уште од стари времиња, во Кратово биле изградени повеќе мостови, а се смета дека вкупно имало 17 мостови. Денес на Кратовска Река се сочувани 4 камени и еден дрвен мост, како и еден бетонски.

Сите кратовски мостови се фундирани на карпеста основа. Како главен градежен материјал бил користен каменот од вулканско потекло, кој во овој простор го има во изобилство. Кратовските мостови преставуваат соодветен израз на градителството во турскиот период кај нас. Со обнова на занаетчиството и трговијата во 19 век, во градот се појавила потреба за изградба на нови мостови. Неколку најпознати мостови се подигнати токму во овој перид: Радин мост, Гровчанскиот мост, Радев мост, Чаршиски мост, Јокшински мост, Свински мост, Сарајски мост.

Најпрочуениот Радин мост се наоѓа на Манцева Река и подигнат е во 1833 година на две високи кули, од кои едната е висока 28, а другата 29 метри. За овој мост се раскажува легенда за тоа дека во темелите жива е заѕидана Рада. Според приказната, мостот го граделе деветмина браќа, но преку ноќ, тој постојано паѓал. Затоа, една вечер се договориле која од сопругите ќе им донесе ручек утредента, таа да ја заѕидаат во темелите на мостот, верувајќи дека тој повеќе нема да паѓа. Сите браќа им кажале на сопругите утре да не им носат ручек – освен најмладиот кој заборавил. Утредента, младата Рада го зготвила ручекот и го однела на мајсторите. Како што бил договорот така и направиле. Младиот брат ги молел, ги преколнувал браќата да не го прават тоа, ја молел и Рада да му прости бидејќи заборавил да и каже, но веќе било доцна. Последната желба на младата Рада била да и ја остават десната града да си го дои малото си машко дете, која и била исполнета. Од тогаш до ден денес се прераскажува легендата за младата Рада, која е заѕидана во темелите на “Радин мост” кој од тогаш наваму се нема срушено. Историските факти, пак, говорат дека мостот е изграден во 1833 година од познатиот скопски Хавзи паша.

Грофчанскиот мост се наоѓа меѓу Сарајскиот и Чаршискиот мост, низводно поврзувајќи ја Ајдучка чаршија со десниот брег на Кратовска Река. Овој мост е еден од главните комуникациски правци. Изграден е во почетокот на 18-ти век од кратовската фамилија Грофчански, која се доселила од Мала Азија и била доста богата. Според други извори пак, овој мост името го добива по сарајот кој постоел веднаш до мостот, а бил во сопственост на богато турско семејство на ефенди Ахмед со прекар Грофчанци. Под овој мост се влегува во повеќе ходници (тунели) кои водат до блиските кули, што претставува вистинска атракција.

Чаршискиот или Царски мост официјално е пуштен во употреба во 1804 година, реновиран е во 1933 година, а денес е ставен и на грбот на Општина Кратово. И за овој мост има интересно предание.

Имено, околу 1800-тата година, кога Кратово било под османлиска власт, во градот пристигнал лично султанот со својата придружба. Видни луѓе, што муслимани, што христијани, го пречекале, го нагостиле со кратовски мед и вино и очекувале царот да ги праша што сакаат да направи за Кратово, за да остане царски белег дека некогаш лично тој бил во Кратово. Царот прошетал низ чаршијата, се запознал со кратовските казанџии, калајџии, ковачи, клинчари и други занаетчии. Во тие мигови покрај царот минувала средовечна жена водејќи за узда коњ натоварен со качиња сирење и урда. Царот сите ги изненадил и одлучил токму неа да ја праша каков спомен ќе посака да остане од царот за Кратово. Жената одговорила дека сака нов мост по кој ќе поминува со коњот кога ќе доаѓа од село, наместо гредоред каков постоел дотогаш.

Царот веднаш отишол да го види тој Чаршиски мост (гредоред) и со страв поминал преку него за да стаса до маалото каде требало да преспие. Токму маалото кај што преспал одтогаш го носи името Царино-маало, а мостот кој наскоро се изградил бил наречен Царски мост.

Некогаш, од двете страни на Табачка Река што го сече Кратово, имало 12 кули (се спомнуваат од 12 до 17) – 5 на десната страна и 7 на левата. Од нив, денес се останати вкупно 6, од кои некои делумно, но некои и речиси целосно оштетени. Меѓу нив, особено интересни се кулата на Стеван Симиќ (порано Абедин ефенди), Хаџи Костовата кула, Емин беговата кула и други. Историски податоци што попрецизно ќе го датираат градењето на кулите, не постојат. Кулите се ѕидани од малтер и полуклепан камен, при што за прозорците, вратите, скалилата и ќошевите е употребен камен со подобра обработка. Внатрешноста на кулите е поделена на 3 или 4 ката, од кои горните се со по еден балкон и одделенија за живеење.

Меѓу позачуваните кули во Кратово е кулата на Стеван Симиќ, порано на Абедин Ефенди. Подигната е на четири ката со повеќе отвори и балкони на најгорниот кат.

Во близина на Хаџи Костовата и Крстевата се наоѓа Емин Беговата кула. Како и другите и оваа кула во основата е правоаголна, а во висина достига 12 метри. За разлика од Симиќевата, кулата на Емин Бег има приземје и два ката. Меѓу катовите постои дрвена меѓукатна конструкција, а вториот кат е со купола. Начинот на градењето е како и кај другите кратовски кули. Од Хаџи Костовата кула се зачувани приземјето и дел од првиот кат, другото било урнато во 1929 година. Во 1957 година на остатоците од оваа кула извршена е конзервација. Во основата кулата е правоаголна, градена е од ист материјал како и останатите кратовски кули.



Град Кратово



Град Кратово

**12. МАНАСТИР СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ, Општина Крива Паланка**

Од житието на пустиножителот Јоаким Осоговски дознаваме дека за време на владеењето на византискиот цар Манојло Комнен (1143-1180) свештеникот Теодор од Овче Поле, со монашко име Теофан, го основал манастирот Св. Јоаким Осоговски, каде што ги погребал моштите на светителот. Во историјата, манастирот првпат се споменува во летописот на бугарскиот цар Калојан (1196-1207). Но, иако стар, главната манастирска црква е реизградена дури во 1847 г., од страна на архитектот Андреја Дамјанов. По својата архитектура таа претставува трикорабна базилика со отворени тремови. Таа е живописана од зографите Димитрија Андонов Папрадишки, Мирон Илиев, Аврам Дичов и Глигорие Петрович.

Една од најкарактеристичните фрески е „Евангелската проповед на св. Павле“, во која се насликани верници во народна носија.

Пред влезот на црквата постои обележје поставено по наредба на султанот, кое говори за почитта на турската власт кон чудотворните моќи на светителот, што е реткост за тој период.

Во манастирот се наоѓа црквата Рождество на Богородица, за која се претпоставува дека била градена кон крајот на 11 век, а обновена во Милутиново време. Веројатно по пожарот од турскиот период (кр. на 14в.) да била повторно обновена во горните партии на ѕидовите и на куполата и да биле доградени параклисот на југоисточниот крак и припратата на запад. Црквата има основа на слободен крст, чии краци се засводени со полуобликувани сводови, а над централниот дел се издига купола со осумстран тамбур. На источната страна има плитка, тристрана апсида.

Во 1894 г. зографот Димитрија Андонов Папрадишки ја осликува црквата на западната фасада, а во 1932 и припратата и дел од олтарот. Иконите од малиот иконостас се дела на иконописци од ателјето на Аврам Дичов. Од најстариот живопис се сочувани само фрагменти од орнаментика на северниот ѕид од олтарниот простор.



Црква Св. Јоаким Осоговски – Крива Паланка

## 13. ГРАДЕЦ – ИСПОСНИЦА НА СВЕТИ ЈОАКИМ

Локалитетот се наоѓа 7 км северно од Крива Паланка, во атарот на с. Градец. Според легендата, тука живеел во изолација светителот Јоаким Осоговски, пред да се премести во местото Бабин Дол, каде што денес е сместен неговиот манастир. Во близина се наоѓа археолошкиот локалитет Градиште, со остатоци од доцната антика и средниот век. Во истот село се наоѓа и црквата св. Никола од 19 век.



Испосница на Св. Јоаким – Градец, Крива Паланка

**14. КОСТОПЕРСКА КАРПА – МЛАДО НАГОРИЧАНЕ (Општина Старо Нагоричане)**

Локалитетот претставува природна форма на вулкански релјеф, уникатен на Балканските простори, кој создал уште 4 базалтни платоа во непосредна близина на К. Карпа. Кај сите од нив (Ќурчиска Карпа, Пркинска Карпа, Среден Камен и Вујевски Камен) исто како и кај Костоперска Карпа, постојат археолошки остатоци, претежно керамика и работен камен.

На Акрополата се пронајдени поголем број на градби од различни временски периоди, меѓу кои доминираат средновизантиски и доцновизантиски градби, кои биле во употреба и во османскиот период.

За жал, ниту една не е целосно истражена и дефинирана. Констатирани се и погребувања, исто така со проблематична хронологија, но со сигурно дефинирани два слоја (нивоа) на гробови. Засега сите гробови се наоѓаат врз и околу базиликална градба – црква?, откриена 1987 г. На јужната страна од Акрополата, откриени се правоаголни простории со хидростатен малтер, веројатно со улога на цистерни.

Ископувањата на т.н. Јужна страна (денес покрај регионалниот пат Куманово – Софија) покажаа постоење на слој на живеење од класичниот и хеленистичкиот период (5-3 в. пр.н.е.). За жал малиот обем на ископувањата, комбиниран со уништувањата од модерниот пат, како и големиот број на средновековни интервенции на падината, во голема мера ги имаат уништено овие слоеви, заедно со праисториското живеење на локалитетот (железно време 8-7- в. пр.н.е.)

Ископувањата на Западната некропола претставуваат всушност ископувања на доцноримска некропола (4-5 век). Истражени се 14 гроба, кои претставуваат инхумации положени во јами, претежно оформени од обработени, правоаголни камења, и најчесто покриени со рамни, правоаголени камени плочи или аморфен камен, а поретко со покривни тегули. Дното на јамата често е внимателно поплочено.

Ископуван е и еден подземен објект на југозападната страна, кој се уште има необјаснета функција. Се работи за подземна просторија со протегање од запад кон исток, каде што завршува кружно, со две спротивни конхи (северна и јужна) на источниот дел и една од северната страна на централниот дел, како и со мало проширување на истата страна, во близина на западниот влез. Освен преку западниот влез, до него се стигнувало и преку скали во источната апсида, а со воздух се здобивал и преку отвори на покривниот дел, каде што биле поставени доцноримски тубуси. Интерпретациите одат до таму што објектот се поистоветува со цистерна, хипогеум, гробница или црква (а со тоа варираат и неговите датации), иако веројатно неговата појава треба да се согледа глобално, како дел од многуте градби всечени во карпа во Кратовско-кумановскиот регион, особено забележливи по течението на Крива Река.



Костоперска Карпа

**15. КЛЕЧОВЦЕ – ЦРКВИШТЕ (Општина Куманово)**

Локалитетот Црквиште во Клечовце е исто така познат. Поради постоење на вотивна ара за која се верува дека е оттаму, на која има и монограм на станицата VIZIANUM, локалитетот е идентификуван како римска станица Визианум. Од спротивната страна на денешниот селски пат (населението се уште го нарекува Цариградски пат) се наоѓа римската некропола, со гробови датирани во 4-5 век. Карактерот на населението во станицата бил изразито милитарен – покрај големиот број на крстести фибули пронајдени во гробовите, од локалитетот потекнува и фрагментирана оловна икона на Дунавски коњаници. Станицата се развивала како крајпатна населба на патот кој водел кон Коњух, но нејзиниот развој веројатно бил условен и од близината со рудоносните подрачја од кратовско-злетовската и карадачката област.

Не се забележуваат траги од утврдување, освен од источната страна, но не е сигурно дали станува збор за природни формации или човечки интервенции. Населбата е сместена во рамничарски предел.

Според досегашните сознанија, тука постоела населба уште од неолитот. По долг хијатус, тука повторно се создала населба, веројатно во 3 век и егзистирала до 5 в. Нема ниту еден наод помлад од 5 век. Во истражената црква, пронајдени се парчиња од керамика и монети од крајот на 11 век, но веројатно тој период може да се евидентира само на овој објект, кој поради својата значајна функција, останал да живее долг временски период.

Најдобро е истражена градбата за која се претпоставува дека била користена како црква. Таа е лоцирана во средишниот дел на парцелата, и претставува трибродна градба со една апсида на исток. Градбата има анекс на јужната страна, во источниот дел од црквата, но поради лошата сочуваност и бројните преправки, не знаеме како комуницирал со останатиот дел од градбата. Нартексот на црквата комуницира со друг анекс, од северната страна, во кој е констатирано огниште и се видливи бројни преправки и реупотреби (сполии) на античкиот материјал. На анексот му претходи отворен атриум, кој има поплочување само по централниот дел и една просторија во северозападниот агол со нејасна функција.

Ѕидовите на атриумот се искористени од некој постар објект, за кој подоцна се открии дека бил бања.

Бањата е се уште во процес на истражување, а досега се откриени една просторија со хипокауст и апсида од јужната страна (претпоставен калдариум), фурниумот кој е на западната страна на хипокаустот и фрагментирани остатоци од када и клупа, непосредно северно до просторијата со хипокауст.

Иако нема голем број на остатоци, средновековниот период е за стапен на локалитетот. Се чини дека и во овој период (крајот на XI век) црквата ја продолжила својата функција, а според некои показатели, можно е и други делови од локалитетот да егзистирале дури и до XIVвек.



Црквиште Клечовце

**16. ГРАДИШТЕ – МАКРЕШ (Општина Старо Нагоричане)**

Истражуван последните 4 години. Се работи за повеќеслојна ридска населба, на која е дефиниран последниот - хеленистички хоризонт (4-3 в. пр.н.е.) На врвот од населбата е откриена репрезентативна градба, во која што ѕидовите биле премачкани со боен малтер (слично на оние од Пела и Вергина). Откриен е и канализационен систем за одвод на атмосферска вода, а од подвижниот археолошки материјал, очигледни се врските со егејскиот југ, особено со центрите на Тасос, Олинтос и сл.



Градиште, Макреш



Градиште, Макреш

**17. ГРАДИШТЕ – СЕЛО ПЕЛИНЦЕ (Општина Старо Нагоричане)**

Железнодопска населба која егзистирала и во раната антика (10/9 век до 6/5 в. пр.н.е.). Откриени се повеќе железнодопски куќи и голем број на складишни садови и куќна керамика. Во непосредна близина на населбата се истражувани два тумула, кои се интерпретирани како простори за оставање на дарови на самата карпа - отворено светилиште.

**18. СВ. БОГОРОДИЦА – МАНАСТИР МАТЕЈЧЕ (1348-1352), Општина Липково**

Манастирот Матејче е изграден на падините на Скопска Црна Гора, над денешното село Матејче. Претставува најголема црковна градба од 14 век во Македонија. Таа е донирана од страна на српската царица Јелена, жена на царот Душан. Постојат повеќе мислења дека црквата е изградена како почивалиште на царицата, и според некои истражувачи тука бил нејзиниот саркофаг до крајот на 19 век.

Манастирот претставувал и книжевно средиште во средниот век, со многу активни средновековни писатели кои твореле во манастирот.

Црквата има пет куполи, кои долго време биле срушени, што довело до уништување на поголемиот дел од сликаниот ансамбл на фрески. Таа претставува впишан крст во издолжен триаглоник, со опходни бродови од страните и нартекс. Некои остатоци во црквата укажуваат дека таа можеби е изградена на место на некоја постара црковна градба.

Се претпоставува дека фреските се изработени од сликарот Јован Теоријан ок. 1350 г. Тој е еден од најдобрите зографи од средината на 14-тиот век, чиј потпис го наоѓаме во спратот на Григориевата Галерија од црквата Св. Софија во Охрид. Покрај вообичаениот репертоар, во црквата тој ја насликал Лозата на династијата Немањиќ, како и добро сочуваната ктиторска композиција со претстава на царот Душан, принцот Урош и царицата Јелена. Олтарниот простор е простран, поделен на три дела. Особени интересни се претставите на циклусот на апостолите, каде што се прикажани патувањата на христовите ученици и нивните проповеди. Станува збор за сцени кои ретко се прикажувани во византиското сликарство (напознати се оние од Св. Марко во Венеција), со верни претстави на прикажаните градови, што зборува за едуцираноста на зографите.

Околу манастирот има конаци кои се тешко оштетени од воените дејствија 2001 г. Манастирот претставувал познато туристичко и излетничко место за целиот кумановски регион.



Црква Св. Богородица – Манастир Матејче, општина Липково





Црква Св. Богородица – Манастир Матејче, ентериер

**19. СЛУПЧАНЕ – СЛУПЧАНСКО КАЛЕ (V-VI век), Општина Липково**

Локалитетот Кале кај Слупчане претставува доцноантичко утврдување на падините на Скопска Црна Гора. Не е археолошки истражувано, но од дејствијата на т.н. диви копачи се гледа дека претставува добро сочувана античка тврдина од времето на Јустинијан. Видливи се ѕидовите на утврдувањето, а по површината се забележува големо количество на градежен материјал.



Слупчанско Кале, општина Липково

**20. МАРКОВА КУЌА – ОПИЛА (Општина Ранковце)**

Местото Маркова куќа се наоѓа јужно од селото Опила, во близина на железничката траса кон Бугарија. Претставува комплекс од простории вклесани во карпата, до кои се стига релативно лесно по благите падини на ридот. Според легендата, тука бил гробот на некој локален владетел, и неговиот замок.
Археолошките остатоци пак покажуваат дека најверојатно се работи за некоја крајпатна стражарница која го контролирала приодот кон Градиште во Опила, веројатно изградена ок. 6 век. Имала помали инвестиции за уредување и прилагодување за посета на туристите.



**ЗАКЛУЧОК**

Во деталниот извештај се обработени и анализирани најзначајните дваесет локации кои освен што имаат огромно историско и културно значење се таргетирани како потенцијални места за промовирање во насока на развојот на културниот туризам и промоциа на културното наследство. Опфатени се шест општини од Североисточниот плански регион – Куманово, Кратово, Крива Паланка, Липково, Ранковце, Старо Нагоричане. Во сите овие општини постојат културно-историски објекти кои се водат како културно наследство на регионот и места кои се интересни за посета на сите заинтересирани во културниот туризам. Истите, за потребите на извештајот се посетени и фотографирани, и се синтетизирани преку користење на релевантни податоци за идентификуваните локации.

Од наведените локации, сметаме дека пет од нив имаат особена важност и ги селектираме како културно наследство кое треба да биде опфатено во планот за продукација на виртуелната тура во рамки на проектот CB006.2.23.044.
Досега овие 5 селектирани културно објекти од североисточниот регион не биле опфатени и претставени преку виртуелна тура.

Станува збор за следниве 5 културно – историски објекти:

1. Црква Св. Ѓорѓи (Општина Старо Нагоричане);
2. Архео-астрономската опсерваторија Кокино (Општина Старо Нагоричане);
3. Постојаната поставка на Национална установа, Музеј Куманово (Општина Куманово);
4. Татар Синан Бег Џамија / или како опција црква Св. Никола (Општина Куманово);
5. Археолошки локалитет Коњух (Општина Кратово).

Сите овие културно - историски објекти претставуваат сегменти од културното наследство во североисточниот регион со силен промотивен потенцијал и сметаме дека ваквиот начин на нивно презентирање ќе придонесе за подобрување на понудата на културниот туризам и промоција на културното наследство во овој регион.
Црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане е еден од најпознатите споменици на европската средновековна уметност, опсерваторијата Кокино е уникатен локалитет кој бил користен пред 4000 години како светилиште и опсерваторија, поставката на Музеј Куманово содржи значајни пронајдоци кои досега не се презентирани на ваков начин, верскиот објект од градот Куманово претставуваат значаен сведок на историјата на развојот на овој град (Татар Синан Бег Џамија), додека локалитетот Коњух е најдобро истражениот локалитет во овој дел на државата.

Што се однесува во делот на снимање и продукација на двата промотивни ТВ видео во рамки на проектот, видое клипови кои се однесуваат на промовирање на најзначајното културно наследство во овој регионот, ги предлагаме и селектираме следниве културни објекти и локации за кои мислиме дека се најдобри за видео презентирање на културното наследство во североисточниот регион:

1. Општина Куманово – постојана поставка на  Национална установа Музеј Куманово, Џамија Татар синан Бег, црква Свети Никола, Спомен Костурница и Бислимска клисура;

2. Општина Старо Нагоричане - Археo - астрономска опсерваторија Кокино, црква Свети Ѓорѓи, меморијален центар Пелинце;

3. Општина Кратово - локалитет Коњух, локалитет Камени кукли, градот Кратово со сите сопствени знаменитости - кули и мостови;

4. Општина Крива Паланка - Свети Јоаким Осоговски, локалитет Градец, испосница на Свети Јоаким Осоговски.

Понудените објекти од културно наследство се сместени во четири општини од североисточниот плански регион.
Самите предложени локации за продукција на ТВ видео клипови функционираат и се наоѓаат во најголем дел во пишани промотивни материјали (понудите) за развој на културен туризам, како од страна на самите општини, така и од туристичките агенции, но и од страна на самоиницијативните посетители.
Сите овие локации претставуваат значајни точки преку кои директно се следи развојот на автохтоната култура на регионот, а се признаени од меѓународните институции како автентични споменици на културата.

Нивното претставување преку современата дигитална (електронска) промоција на регионот, комуникациски средства и нови технологии во делот на виртуелните тури, ќе овозможи забрзан туристички развој на регионот и заеднички настап при промовирањето на регионалното културно наследство.

Овој извештај е развиен во рамките на проектот **“Туризам кој придонесува за културното наследство во прекуграничниот регион Бугарија – Македонија“ CB006.2.23.044, проект кој е кофинансиран од страна на Европската Унија преку Interreg – IPA CBC програма за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Поранешна Југословенска Република Македонија**. Одговорноста за ставовите изразени во извештајот ја сноси изготвувачот, и воопшто не ги одразуваат гледиштата на Европската Унија или Договорниот орган на програмата.

European Union